**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третото продолжение на Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 20 декември 2000 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точка 6 - Предлог за донесување на Закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем за реализација на Проектот за мали и средни претпријатија од Кредитната банка за обнова, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем за реализација на Проектот за мали и средни претпријатија од Кредитната банка за обнова.

Ве молам да гласаме?

Од присутни 69, гласале 68 пратеници.

67 пратеници гласале за, 1 пратеник се воздржал и никој не гласал против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам, да гласаме.

Од присутни 69 пратеници, 67 пратеници гласале.

66 пратеници гласале за, 1 се воздржал, никој не гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Од 75 пратеници 61 гласале.

14 пратеници гласале за, 7 се воздржале,40 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од ЗПК.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 78 пратеници, 74 пратеници гласаа.

За гласаа 66 пратеници, 7 се воздржаа и 1 е против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем за реализација на Проектот за мали и средни претпријатија од Кредитната банка за обнова.

Сега, ќе продолжиме, само да прашам дали е тука министерот Љупчо Балковски? (Да).

Благодарам. Значи, имаме претставник.

На претставниците од финансии им се заблагодарувам, немаме расправа по Ваши точки.

(Седницата прекина со работа во 13,20 часот).